Одговор: Имателот на информацијата, согласно член 17 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер преку службеното лице за посредување со информации, со известување од 10.03.2020 година, доставено преку е-маил го извести барателот дека е потребно да се даде дополнување, односно појаснување на неговото барање со детални насоки во кој правец е потребно да се даде бараното појаснување, со посочување дека доколку барањето не се дополни, односно прецизира во определениот рок, нема да може по истото да постапува и ќе констатира дека барањето е отфрлено. Барателот во определениот рок достави појаснување, со допис под Суи.бр.9/20/2 од 10.03.2020 година, во кое повторно дава нејасно и конфузно образложение кое не го разјаснува првичното поставено барање за кое се бара појаснување.

Во конкретниот случај бараната информација и по укажувањето за дополнување, односно прецизирање, продолжува да биде нејасна и неразбирлива и истата не содржи појаснувања во однос на прашањата кои се поставуваат, за имателот на информацијата да може да постапи по истата. Поради ова, согласно член 17 став 5 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, бараната информација не ги исполнува условите од овој член и поради тоа не може да се постапува и разгледува барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, поради што истото се отфрла.